# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 26 февруари 1979
Скопје
Број 5 Год. XXXV

Претплатата за 1979 година изнесува 500 динари. Овој број чини 12 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**63.**

Врз основа на член 14, став 1 од Законот за Советот на Републиката, и по претходно мислење на Претседателството на СРМ, Советот на Републиката, на својата Десетта седница одржана на 20 декември 1978 година, донесува

## ДЕЛОВНИК
### НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИКАТА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Советот на Републиката како политичко-советодавен орган, се организира и работи на остварување на функциите утврдени со Уставот на СРМ и Законот за Советот на Републиката, на начин одреден со овој деловник.

Член 2

Советот на Републиката разгледува прашања од самоуправниот социјалистички развој на нашата република, остварувањето на соработката со другите социјалистички републики и со социјалистичките автономни покраини и други прашања од општ карактер, кои ќе ги предложи Претседателството на СРМ и за своите ставови, мислења и предлози го известува Собранието на СРМ, Претседателството на СРМ и Извршниот совет на Собранието на СРМ.

### II. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 3

Работата на Советот е јавна.

Советот ја известува јавноста за својата работа со давање информации на печатот и на другите средства за јавно информирање и на друг начин.

За начинот на известување на јавноста за работата на Советот одлучува Советот на својата седница.

### III. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИКАТА

Член 4

Членовите на Советот на Републиката (во натамошниот текст — Советот) можат на седница на Советот да постават прашања од надлежност на Советот на Републиката.

Член 5

На членовите на Советот им се обезбедуваат материјали за општествено-економските и политичките движења кои се потребни за остварување на нивната функција.

Член 6

Информативните и другите материјали за потребите на членовите на Советот ги обезбедува Службата на Претседателството на СРМ непосредно или преку соодветни републички органи, организации и служби.

### IV. РАБОТА НА СОВЕТОТ

Член 7

Советот работи на седници.

Седниците на Советот ги свикува, предлага дневен ред и претседава на седниците претседателот на Претседателството на СРМ.

Претседателот на Претседателството на СРМ седниците на Советот ги свикува по своја иницијатива, по заклучок на Претседателството на СРМ, по предлог на Собранието на СРМ или по предлог од десет членови на Советот.

Во случај на отсуство на претседателот на Претседателството на СРМ, на седницата претседава член на Претседателството на СРМ што го заменува претседателот на Претседателството на СРМ.

Член 8

За свикувањето на седницата на Советот, за денот и часот на нејзиното одржување, за предлогот на прашања кои ќе се разгледуваат на седницата, се известуваат членовите на Советот најкасно десет дена пред денот одреден за одржувањето на седницата.

Во итни случаи седницата може да се свика и во пократок рок од десет дена.

Со поканата за свикување седница на Советот, на членовите на Советот им се доставува по правило соодветен материјал за прашањата што ќе се разгледуваат на седницата како и записникот од претходната седница на Советот.

Само во исклучителни случаи, материјалите за поедини прашања што се на дневен ред на Советот, можат да се разделат пред почетокот на седницата.

Дневниот ред за седницата се утврдува на седницата на Советот.

Член 9

Според прашањата што се предвидени во дневниот ред за седницата на Советот, претседателот на Претседателството на СРМ може да покани на седницата претставници на соодветни органи и организации и поединци.

Член 10

Советот работи и утврдува ставови, мислења и предлози на седницата со мнозинство на гласови на присутните членови.

Член 11

За работата на седницата на Советот се води записник.

Записникот содржи: дневен ред на седницата, дата и час на почетокот на седницата, имињата на отсутните членови на Советот, имињата на лицата што по покана присуствуваат на седницата и ставовите, предлозите и мислењата утврдени на седницата по прашањата што се разгледуваат на седницата на Советот.

Издвоено мислење на член на Советот по одделно прашање кое е разгледано на седницата ќе биде внесено во записникот само по негово барање.

Член 12

За составување и чување на записникот се грижи секретарот на Советот.

На седницата на Советот можат да се водат стенографски белешки и магнетофонски снимки, кои се составен дел на записникот.

Член 13

Член на Советот има право да го прегледа своето излагање и во стенограмот да изврши редакциски исправки.

Член 14

Изводи од записникот или стенографските белешки по заклучокот на Советот, можат да се доставуваат на одделни органи и организации заради нивно запознавање со ставовите, предлозите и мислењата на Советот.

V. НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ

Член 15

Функцијата на член на Советот е почесна.

На членовите на Советот кои не остваруваат личен доход или надоместок на личниот доход по друг основ, им припаѓа надоместок според општите прописи и акти на Претседателството на Републиката.

Членовите на Советот имаат право на надоместок на патни и дневни трошоци во врска со вршењето на своите функции, како и право на превоз со определени средства на јавниот сообраќај, според прописите што важат за делегатите во Собранието на СРМ.

VI. СЕКРЕТАР НА СОВЕТОТ

Член 16

Советот има секретар кого го именува Претседателството на СРМ на време од четири години.

Секретарот на Советот му помага на претседателот на Претседателството на СРМ во подготвувањето на седниците на Советот, се грижи за организирање и вршење на стручните работи за потребите на Советот, за благовремено обезбедување на информации и документарни материјали, врши и други работи што ќе му ги одреди претседателот на Претседателството на СРМ.

Член 17

Секретарот на Советот за својата работа одговара на Советот на Републиката и на Претседателството на СРМ.

Член 18

Наредбодател за користење на средствата за работа на Советот е секретарот на Советот.

Секретарот во поглед на работните односи има право и должност на функционер кој раководи со републички орган на управата.

VII. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

Член 19

Советот има печат.

Печатот на Советот во средината има грб на Социјалистичка Република Македонија, околу него е текстот: „Социјалистичка Република Македонија, — СОВЕТ НА РЕПУБЛИКАТА“, а на средината на печатот — „Скопје“.

Член 20

На членовите на Советот им се издава легитимација.

Покрај податоците за идентитетот на членовите на Советот, легитимацијата содржи и одредби за остварување правото на бесплатен превоз со определени средства во јавниот сообраќај, според прописите што важат за делегатите во Собранието на СРМ.

Легитимациите ги потпишува претседателот на Претседателството на Републиката.

За издавањето на легитимациите и за нивната евиденција се грижи секретарот на Советот.

VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Овој деловник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 30
26 јануари 1979 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

---

**64.**

Врз основа на член 9 од Законот за републичките совети („Службен весник на СРМ“ бр. 27/75), Претседателството на СРМ, на Тринаесеттата седница, одржана на 12 јануари 1979 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА РЕПУБЛИЧКИОТ СОВЕТ ЗА ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

1. За секретар на Републичкиот совет за односи со странство се именува Александар Димитров.

2. Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-30
16 јануари 1979 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

---

**65.**

Врз основа на член 43, став 2 од Законот за радио-дифузијата („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74), а во врска со член 5 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 25/72), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИО-ДИФУЗНИ ПРИЕМНИЦИ

1. Се дава согласност на Одлуката за висината на надоместокот за користење на радио-дифузни приемници бр. 02-5220/1 од 12. XII. 1978 година, донесена од Работничкиот совет на Радио-телевизија Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-326/1
14 февруари 1979 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

**66.**

Врз основа на член 19 став 3 од Законот за сценско-уметничката дејност, („Службен весник на СРМ“ бр. 41/73), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР — СКОПЈЕ

I. Се разрешува од должноста директор на Македонскиот народен театар — Скопје, Стојмир Поповски, поради заминување на друга должност.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 17-2792/1
28 декември 1978 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**67.**

Врз основа на член 19 став 3 од Законот за сценско-уметничката дејност („Службен весник на СРМ“ бр. 41/73), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОДЕН ТЕАТАР — СКОПЈЕ

I. За директор на Македонскиот народен театар во Скопје се именува Живко Чинго, директор на ООЗТ Драма при Македонскиот народен театар во Скопје.

II. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 17-2793/1
28 декември 1978 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**68.**

Врз основа на член 9 став 2 од Законот за филмот („Службен весник на СРМ“ бр. 44/75), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РАБОТНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ФИЛМОВИ „ВАРДАР-ФИЛМ“ — СКОПЈЕ

1. За директор на Работната организација за производство на филмови „Вардар-филм“ — Скопје, се именува Анте Поповски, досегашен директор на „Вардар-филм“ — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 17-2760/1
22 декември 1978 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

**69.**

Врз основа на член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на СРМ“ бр. 20/78), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕН И ЗАМЕНИК ЧЛЕН НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ДАВАЊЕ ОЦЕНКА ПО ЧЛЕН 32 И ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ ПО ЧЛЕН 46 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

1. Се утврдува престанување на функцијата претседател на Стручната комисија за давање оценка по член 32 и за давање мислење по член 46 од Законот за урбанистичко планирање на инж. Владо Косевски, потпретседател на Републичкиот комитет за заштита на човековата околина.

2. За претседател, член и заменик член на Стручната комисија за давање оценка по член 32 и за давање мислење по член 46 од Законот за урбанистичко планирање се именуваат:

а) за претседател

дипл. инж. арх. Љубе Пота, потсекретар во Републичкиот секретаријат за урбанизам;

б) за член

дипл. инж. арх. Владо Косевски, потпретседател на Републичкиот комитет за заштита на човековата околина;

в) за заменик член

м-р Никола Србиновски, самостоен советник во Републичкиот комитет за заштита на човековата околина.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 17-2794/1
28 декември 1978 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов**, с. р.

---

**70.**

Врз основа на член 85 точка 2, во врска со член 9 од Законот за здравствената заштита на животните („Службен весник на СРМ“ бр. 30/77), републичкиот секретар за земјоделство и шумарство донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА УСЛОВИТЕ ШТО МОРА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОБЈЕКТИТЕ ЗА НЕШТЕТНО ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЖИВОТИНСКИТЕ МРШИ, ЗА ПОСТАПКАТА ЗА НИВНОТО ОТСТРАНУВАЊЕ И ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕТО НА ВЕТЕРИНАРНО-ХИГИЕНИЧАРСКАТА СЛУЖБА

#### I — ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се определуваат условите што мора да ги исполнуваат објектите за нештетно отстранување на животинските мрши, постапката за нивното отстранување и начинот на вршењето на ветеринарно-хигиеничарската служба.

Член 2

Под животински мрши, во смисла на овој правилник, се подразбираат мрши или делови од нив од пцовисани, мртвородени, пометнати и прегазени животни, мрши од убиени и заклани животни заради сузбивање на заразни и паразитни болести кај животните, чие месо не е употребливо за човечка исхрана, како и отпадоци од животни.

## II — ОБЈЕКТИ ЗА НЕШТЕТНО ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЖИВОТИНСКИ МРШИ И ЖИВОТИНСКИ ОТПАДОЦИ

Член 3

Објектите за нештетно отстранување и уништување односно исползување на животински мрши се: јама-гробница, животински гробишта, печка за изгорување и постројка за индустриско искористување на животински мрши (кафилерија).

Член 4

Местото, каде е изграден објектот за нештетно отстранување на животински мрши и животински отпадоци, се заградува и видно обележува.

Влезната врата се снабдува со клуч.

Во рамките на заграденото место на објектот, тревата не смее да се употребува за исхрана на добиток, за простирка или за други цели, туку повремено се коси и спалува на лице место.

Член 5

Секој објект за нештетно отстранување на животински мрши има маса за секцирање на пцовисани животни, изработена од бетон.

Член 6

Објектот за отстранување на животински мрши и животински отпадоци се снабдува со вода за одржување на хигиената и со септичка јама за отпадните води, во која се врши дезинфекција (хлорирање) на тие води.

Член 7

Во месностите во кои поради неповолните теренски услови (растурен тип на населени места, оддалечени планински пасишта и сл.) не е целисходна изградбата на објекти за нештетно отстранување на мрши, општинскиот ветеринарен инспектор во смисла на член 9 од Законот за здравствена заштита на животните, може да определи закопувањето на мршите од тие месности да се врши во близина на местата каде пцовисале животните.

Општинскиот ветеринарен инспектор може да определи закопувањето на мрши надвор од објектите за нештетно отстранување на мрши да се врши и во случаите, кога мршите потекнуваат од животни убиени поради заразна болест.

Во случаите од став 1 и 2 на овој член се преземаат мерки што обезбедуваат отстранувањето на мршите да биде наполно безопасно за околината.

Член 8

Јама-гробница се изградува на оцедно место во кое потпочвените води се ниски, најмалку 6 метри под површината на земјата.

Животински гробишта се изградуваат на оние места, каде не е можна изградба на јами-гробници, поради високи потпочвени води.

При определување на локација за изградба на јама-гробница, гробишта или кафилерија се одбира месност, што е оддалечена најмалку 500 метри од населени места и што се наоѓа во правец на ветровите во однос на тие населени места.

Јама-гробница, гробишта или кафилерија се лоцира надвор од поширокaта заштитна зона на извориштата и другите објекти за водоснабдување со хигиенска исправна вода на населението и индустријата.

Местата каде се изградуваат животински гробишта и јами-гробници се поврзуваат со пристапен пат и не смеат да бидат покрај главни патишта, реки, потоци и на места кои се изложени на поплави.

Член 9

Јама-гробница се држи заклучена, а клучот од неа го има овластеното лице од општината.

Јамата-гробница ја отвора овластеното лице од претходниот став во случај на потреба.

Член 10

Кога јамата-гробница ќе се наполни до 1/2 метар под плочата, таа се става вон употреба.

Со одобрение на општинскиот ветеринарен инспектор јамата-гробница ставена вон употреба, може да се отвори, по истекот на 15 години од последната употреба, и од неа да се извадат коските за индустриски и други цели, а потоа повторно да се употребува.

Коските извадени од јамата-гробница од став 2 на овој член, задолжително се дезинфицираат по вадењето, под надзор на општинскиот ветеринарен инспектор.

Член 11

По исклучок од член 10 на овој правилник општинскиот ветеринарен инспектор може да дозволи отворање на јама-гробница и животински гробишта и вадење на мрши и пред определениот рок во член 10 на овој правилник, ако е потребно за утврдување на заразна болест, односно за утврдување на причината на пцовисувањето, како и по барање на судот и извидните органи.

Отворање на јама-гробница и вадење на мрши се врши во присуство на општинскиот ветеринарен инспектор.

Член 12

Во места во кои, поради високото ниво на потпочвените води или поради други причини, нема услови за изградба на јама гробница односно за закопување на мрши или можност за изградба на постројка за индустриско искористување на мршите, ќе се изгради печка за изгорување на мршите.

Член 13

Заградените површини, врз кои се изградени објекти за нештетно отстранување на мрши, кога објектите ќе бидат ставени вон употреба, можат да се користат за засадување на шумски садници. За други цели тие површини можат да се користат по истекот на 15 години од последната употреба.

Член 14

Кафилерија се гради за подрачје на повеќе општини, на оцедно место, но не покрај магистрални патишта.

Кафилерија се опремува со соодветни технички и санитарни уреди за потполна стерилизација на животинските мрши и животинските отпадоци и ги исполнува следниве услови:

1. кругот на објектот и работните простории да се поделени на чист и нечист дел, така што патиштата и преодите меѓу чистиот и нечистиот дел на објектот (кругот и работните простории) меѓусебно да не се вкрстуваат;

2. да располага со текушта топла и студена вода и одводна канализација со уреди за пречистување на отпадните води и со уреди за дезинфекција на тие води;

3. да биде снабдена со гардероба, тушеви и лавабоа и ВЦ;

4. да располага со соодветни уреди за дезинфекција на рацете, обувките, превозните средства и другата спрема односно за дезинфекција во просториите на објектот и кругот на објектот;

5. да располага со соодветни уреди на влезот во кругот на објектот за дезинфекција на рацете и обувките на лицата што излегуваат од кругот на објектот;

6. да има потребни простории за сместување и уреди за дезинфекција на кожи;

7. работниците што директно работат во врска со животинските мрши и животинските отпадоци (утовар, транспорт, прием и преработка на мрши) и издавањето на готови анимални производи од објектот се снабдуваат со заштитни работнички алишта, обувки, престилки, ракавици и заштитни маски за лице од гума или од пластичен материјал кои редовно се мијат, чистат и дезинфицираат и не смеат да се изнесуваат надвор од кругот на објектот.

## III — ОТСТРАНУВАЊЕ НА ЖИВОТИНСКИ МРШИ

Член 15

Животинските мрши односно деловите од нив мора нештетно да се отстранат од местото каде животното пцовисало, било заклано, убиено или прегазено односно плодот абортиран.

Мршите од животни што пцовисале при транспорт со железница, брод, камион или авион нештетно се изнесуваат од возот, бродот, камионот, односно авионот на начин пропишан со постојните прописи.

Член 16

Пред нештетното отстранување мршата се секцира:

— кога секцирањето е потребно за утврдување односно испитување по однос на заразни болести за кои постои законска обврска за пријавување;

— кога тоа благовремено го побарал сопственикот односно држателот на грлото, а нема причини тоа да не се изврши.

Член 17

По нештетното отстранување на мршата се спроведува дезинфекција на местото каде мршата била секцирана, на превозното средство, на употребената опрема, на рацете и обувките на сите лица што на еден или друг начин биле во допир со мршата.

## IV — ВЕТЕРИНАРНО-ХИГИЕНИЧАРСКА СЛУЖБА

Член 18

Службата за отстранување на мрши (ветеринарно-хигиеничарската служба) ја вршат ветеринарни хигиеничари. Во вршењето на оваа служба тие се должни да ги применуваат постојните прописи од областа на ветеринарството.

Член 19

За време на работата ветеринарниот хигиеничар мора да има заштитни алишта, обувки, гумени ракавици и гумена или пластична престилка.

Член 20

Ветеринарниот хигиеничар ги врши сите работи во врска со нештетното отстранување на мршите, а посебно:

— собира мрши од пцовисани или убиени животни;

— го контролира пренесувањето на мршите од објектите од член 3 на овој правилник;

— врши убивање на животни поради заразна болест по налог на општинскиот ветеринарен инспектор;

— отвора мрши пред нивното секцирање;

— симнува кожа од мршите доколку тоа го дозволуваат ветеринарно-санитарните прописи;

— фаќа и уништува кучиња и мачки — скитници;

— врши дезинфекција на просториите, површините, приборите, превозните средства и опремата што се користат во врска со нештетното отстранување на мрши.

## V— ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на отстранувањето на животинските мрши и за начинот на вршењето на хигиеничарската служба („Службен весник на СРМ" број 31/68).

## VI — ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 22

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 11-2248/78
26 јануари 1979 година
Скопје

Републички секретар
за земјоделство и шумарство,
инж. **Христо Христоманов**, с. р.

---

**71.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на Правилникот за распределба на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на работниците при Централното основно училиште „Гоце Делчев" во Делчево, усвоен од работниците на референдумот одржан на 31 декември 1977 година, на основа членот 433 од Уставот на СР Македонија и алинејата 2 на член 15 и членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 20 декември 1978 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА членот 38 од Правилникот за распределба на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на работниците при Централното основно училиште „Гоце Делчев" во Делчево, усвоен од работниците на референдумот одржан на 31 декември 1977 година, во делот за вреднување реализацијата на наставната програма од наставниците.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Централното основно училиште „Гоце Делчев" во Делчево на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка со решение У. бр. 33/78 од 20 септември 1978 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбата од актот означен во точката 1 на оваа одлука затоа што основано се постави прашањето за нејзината согласност со начелото за наградување според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија, а разработено во ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд.

4. Во претходната постапка и на седницата Судов утврди дека со оспорениот правилник се утврдени основи и мерила за распределба на чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка и учеството на работниците во распределбата по основот минат труд. Така, според членот 35 од овој правилник личните доходи на работниците во училиштето се утврдуваат врз основа на вредноста на работите односно работните задачи што работникот ги врши, резултатите на работникот во вршењето на работите односно работните задачи и доходот на училиштето.

Во членот 38 од овој правилник е предвидено дека вредноста на работите односно на работните задачи на секој работник во училиштето се искажува во бодови и тоа по основ на квалитет и квантитет, обем и сложеност на работата, успешност во користењето на средствата, користењето на работното време, остварени заштеди, одговорност во работата и услови за работа. Понатаму, со правилникот секој од овие основи е посебно разработен на повеќе подоснови кои се вреднуваат исто така со бодови. Така, основот квалитет и квантитет во работата на наставно-воспитните работници содржи подоснов „реализација на наставната програма". По

овој подоснов наставник со средно образование добива 30 бода, со више образование 60 бода и со високо образование 90 бода, што значи дека со овој подоснов всушност се врши вреднување на стручната подготовка на наставно-воспитните работници и тоа различно, во зависност од степенот на стручната подготовка што ја има наставникот, а не според резултатите на трудот.

Во ставот 1 на член 79 од Законот за основното воспитание и образование („Службен весник на СРМ“ бр. 11/76) е предвидено дека наставници за одделенска настава во основните училишта можат да бидат лица што завршиле филозофски факултет — педагошка група и педагошка академија, отсек за одделенска настава и лица што завршиле учителска школа, а во ставот 2 на овој член од законот е предвидено дека наставници по предметна настава во овие училишта можат да бидат лица што завршиле еднопредметна или двопредметна соодветна група за образование на наставници на факултет, висока школа, ликовна академија, музичка академија или виша школа. Од оваа законска одредба произлегува дека наставниците кои имаат завршено еден од предвидените три степени за одделенска настава односно два степена за предметна настава на образование ги исполнуваат законските услови по однос на нивната стручна и педагошка оспособеност за вршење на наставната дејност во основното образование.

Според мислењето на Судов стручната подготовка има значење во системот на распределбата на средствата за лични доходи, така што за работите и работните задачи за кои е предвиден повисок степен на стручна подготовка оправдано е од гледиштето на начелото за наградување според трудот да се предвидува повисоко мерило по тој основ во однос на работите и работните задачи за кои е предвиден понизок степен на стручна подготовка. Меѓутоа, во случај кога за вршење на одредени работи и работни задачи се предвидени повеќе степени на стручна подготовка вреднувањето на стручната подготовка треба да се врши според сложеноста на работите и работните задачи кои се вршат, а не според стручната подготовка што ја има конкретно работникот. Така, ако за вршењето на одредени работи и работни задачи алтернативно се утврдени повеќе степени на стручна подготовка како што е тоа предвидено во членот 79 од законот, Судов смета дека сложеноста на тие работи и работни задачи е таква што може да ги врши со успех секој од работниците што има еден од утврдените степени на стручна подготовка. Поради тоа, при вреднувањето на работите и работните задачи на наставниците со оглед на еднаквата сложеност, мора да се поаѓа од единствени мерила за овој основ бидејќи стручната подготовка е елемент но не и единствен за одредување степените на сложеноста на работите. На овој начин според мислењето на Судот не се обезвреднува значењето и влијанието на стручната подготовка во системот на основите и мерилата за распределба на личните доходи според вложениот труд затоа што, доколку работникот со повисок степен на стручна подготовка, при утврдувањето на конкретните резултати постигнати во работата, покаже дека работите и работните задачи ги извршил со поголем успех по квалитет и квантитет, тоа секако ќе има одраз и на неговиот конечен личен доход.

Со оглед на тоа што со оспорената одредба од правилникот на наставниците кои изведуваат одделенска или предметна настава по основот стручна подготовка се утврдени различни износи на бодови, односно се предвидени различни мерила во зависност од тоа каква стручна подготовка имаат наставниците, Судов утврди дека членот 38 од оспорениот правилник, во делот за вреднување реализацијата на наставната програма од наставниците, не е во согласност со начелото за наградување според трудот утврдено во членот 22 од Уставот на СР Македонија и разработено во ставот 1 на член 126 од Законот за здружениот труд. Ова од причина што за вршење на исти работи и работни задачи, кои го сочинуваат изведувањето на одделенската односно предметната настава, се утврдени различни мерила и тоа со оглед на степенот на стручната подготовка, макар што, според Законот за основното воспитание и образование, сложеноста на овие работи и работни задачи што ги вршат наставници со еден од алтернативно предвидените степени на стручна подготовка е еднаква.

На основа изнесеното Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 33/78
20 декември 1978 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

---

**72.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста и законитоста на членот 41 и ставот 2 на член 49 од Самоуправната спогодба за заедничките критериуми и мерила за решавање на станбените прашања на работниците од 25 јануари 1978 година, склучена меѓу основните организации на здружениот труд и работните заедници во состав на Работната организација Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје, по јавната расправа одржана на 28 декември 1978 година, на основа членот 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ членот 41 и ставот 2 на член 49 од Самоуправната спогодба за заедничките критериуми и мерила за решавање на станбените прашања на работниците од 25 јануари 1978 година склучена меѓу основните организации на здружениот труд и работните заедници во состав на Работната организација Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во основните организации на здружениот труд и работните заедници во состав на Работната организација Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје, на начинот определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија со решенија У. бр. 84/78 од 28 септември 1978 година и У. бр. 65/78 од 22 ноември 1978 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на членот 41 и ставот 2 на член 49 од самоуправната спогодба означена во точката 1 на оваа одлука. Судов поведе постапка затоа што основано се постави прашањето дали оспорените одредби од самоуправната спогодба не создаваат нерамноправност меѓу работниците во означената работна организација.

4. Врз основа на писмените прилози и доказите изведени на јавната расправа Судов утврди дека во оспорениот член 41 од самоуправната спогодба е определено да не може да дојде предвид за рангирање и доделување на стан работник доколку тој или членовите на неговото потесно семејство со кои живее во заедничко домаќинство се сопственици на бесправно изградена станбена зграда, до донесување на правосилно решение од надлежниот орган за рушење на станбената зграда. Од друга страна Судов утврди дека, според ставот 4 на точката 3 на член 46 од спогодбата, работниците кои се сопственици на легално изградени станови се бодираат при доделувањето на станови под услов нивниот сопствен стан да е непогоден за живеење. Потоа Судот утврди дека во оспорениот став 2 на член 49 од спогодбата е определено право за

добивање на стан да имаат работниците кои се жители на град Скопје најмалку 5 години непрекинато, сметано до денот на поднесувањето на барањето.

5. Согласно ставот 1 на член 42 од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ" бр. 36/73) давателот на стан на користење со општ акт ги утврдува начинот, условите и редот на првенството по кој ќе се даваат становите на користење. Врз основа на тоа овластување работниците во основните организации на здружениот труд, кои како инвеститори изградиле или по друг основ се здобиле со стан, самостојно ги утврдуваат условите, критериумите и редот на првенството при доделувањето на становите, но при тоа тие не смеат да ги повредат уставните и законските права на работниците.

Становите, како и средствата за кредитирање станбената изградба, работниците, по правило, ги обезбедуваат од доходот што е распореден за заедничка потрошувачка на работниците. Доходот пак, според смислата на членот 19 од Уставот на СР Македонија, е резултат на заедничкиот труд на сите работници во основната организација. Уставот на СР Македонија во членот 16 на секој работник во здружениот труд со средства во општествена сопственост му гарантира, во сите облици на здружување на трудот и средствата, заедно и рамноправно со другите работници, покрај другото, да управува со трудот и да одлучува за доходот што ќе го оствари во различните облици на здружување на трудот. Според ставот 3 од овој член на Уставот противуставен е секој акт и дејство со кое се повредуваат овие права на работникот. А правото да одлучува, односно да учествува во распределбата на остварениот доход, како едно од правата во здружениот труд, работникот, согласно одредбите на Законот за здружениот труд, го стекнува со денот на засновањето на работниот однос.

Со оглед на тоа што работниците становите, по правило, ги обезбедуваат од делот на доходот распореден за заедничка потрошувачка, Судов смета дека право да учествуваат во распределбата на станови имаат сите работници кои засновале работен однос во организацијата на здружениот труд и тоа од денот на засновањето на работниот однос. Прашањето пак за редот на првенството при давањето станови на користење е посебно прашање кое, според мислењето на Судов, не треба да се поистоветува со правото на работникот да учествува во распределбата на становите односно со неговото право на учество во остварениот доход наменет за заедничка потрошувачка. При тоа Судов смета дека критериумите и мерилата за утврдување редот на првенството при доделувањето становите треба да поаѓаат од станбените, семејните, економските и слични прилики на работникот, како и од правата и обврските на работниците во здружениот труд. Во конкретниов случај одделни работници се исклучени од правото да конкурираат и учествуваат во распределбата на станови поради тоа што се сопственици на бесправно изградени семејни станбени згради, односно поради тоа што не се жители на град Скопје најмалку пет години. И едниот и другиот критериум го повредуваат основното самоуправно право на работниците да учествуваат во распределбата на доходот — конкретно доходот распореден за заедничка потрошувачка на работниците — кој е резултат и на нивниот труд и придонес, со што, според мислењето на Судов, се создава нееднаквост меѓу работниците, што е спротивно на уставното начело за еднаквоста утврдено во алинејата 9 на став 3 на дел II од Основните начела и во членот 204 од Уставот на СР Македонија.

Бесправната изградба на семејни станбени згради општествено е штетна појава и таа треба да се сузбива за што постојат надлежни органи и законски допуштени средства. Меѓутоа, според мислењето на Судов, недопуштено е борбата против бесправната изградба да се води со создавање на нееднаквост меѓу работниците при распределбата на станови кои се обезбедуваат од делот на доходот наменет за заедничка потрошувачка.

Судов исто така смета дека и поврзувањето на правото на доделување стан на работникот во организацијата во која работи со времето на неговото живеење во местото на работата е недопуштено затоа што и тој критериум е надвор од правата и обврските во здружениот труд. Освен тоа, таквиот критериум, според мислењето на Судов, се противи и на правниот и општествен карактер на социјалистичката општествена сопственост и може да значи еден вид групно-сопственички однос кон општествените средства.

Со оглед на тоа што со оспорените одредби од самоуправната спогодба одделни работници се исклучени од правото да конкурираат и учествуваат во распределбата на становите, Судов оцени дека тие не се во согласност со означените уставни и законски одредби.

На основа изнесеното Судов одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 84/78
28 декември 1978 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

**84.**

Врз основа на член 27 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78), општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита и Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, како учесници во спогодувањето, склучуваат

### САМОУПРАВНА СПОГОДБА

### ЗА ВИДОТ И ОБЕМОТ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ШТО СЕ ОБЕЗБЕДУВА НА ЛИЦАТА СМЕСТЕНИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Со оваа спогодба се определува видот и обемот на социјалната заштита што се обезбедува на лицата сместени во организација на здружениот труд.

Член 2

На малолетните лица без родителска грижа до 3 годишна возраст сместени во организација на здружениот труд им се обезбедува:

— згрижување, сместување, исхрана, нега, облека (чевли и алишта), потребен прибор за одржување на лична хигиена, одмор и рекреација;

— воспитување според Програмата за воспитување и образование на децата од предучилишна возраст, во согласност со важечките прописи;

— здравствена заштита во обем утврден со важечката програма за здравствена заштита на самоуправната интересна заедница на здравството и здравственото осигурување; и

— други услуги во вид на социјална работа.

Член 3

На малолетните лица без родителска грижа над 3 годишна возраст сместени во организација на здружениот труд, им се обезбедува:

— згрижување, сместување, исхрана, нега, об-

лека (чевли и алишта), потребен прибор за одржување на лична хигиена, одмор и рекреација и задоволување на културно-забавните потреби;

— воспитување според Програмата за воспитување и образование на децата од предучилишна возраст, како и според други соодветни програми согласно возраста на децата, донесени според важечките прописи;

— образование во рамките на дејноста на организацијата на здружениот труд, услови за непречено совладување на наставното градиво — програма во училиштето, услови за вон наставни — слободни активности;

— здравствена заштита во обем утврден од самоуправната интересна заедница на здравството и здравственото осигурување; и

— други услуги во вид на социјална работа.

Член 4

На малолетните лица со воспитно-социјални проблеми, сместени во организација на здружениот труд, им се обезбедува:

— прифаќање;

— згрижување, сместување, исхрана, нега, облека (чевли и алишта), потребен прибор за одржување на лична хигиена, одмор и рекреација и задоволување на културно-забавните потреби;

— опсервација;

— воспитување и образование;

— здравствена заштита;

— други услуги во вид на социјална работа.

Член 5

На малолетните лица воспитно запуштени, сместени во организација на здружениот труд им се обезбедува:

— згрижување, сместување, исхрана, нега, облека (чевли и алишта), потребен прибор за одржување на лична хигиена, одмор и рекреација и задоволување на културно-забавните потреби;

— опсервација;

— воспитување и образование;

— здравствена заштита;

— други услуги во вид на социјална работа.

Член 6

На старите лица без семејна грижа, сместени во организација на здружениот труд, им се обезбедува:

— згрижување, сместување, нега, исхрана, облека, чевли, алишта и друг прибор за одржување на лична хигиена, културно-забавни, работни и други активности;

— здравствена заштита во обем утврден од самоуправната интересна заедница на здравството и здравственото осигурување, а особено геријатриски третман; и

— други услуги во вид на социјална работа.

За старите лица без семејна грижа, кои не се целодневно сместени во организацијата на здружениот труд им се обезбедува дневен престој, згрижување преку денот, услуги во исхрана и организација на работни, рекреативни, културно-забавни и други активности.

На старите или на други хронично болни и изнемоштени лица, кои поради одредени околности не се сместени во организација на здружен труд, им се обезбедува домашна нега, помош во исхраната, одржување на хигиената и други услуги во вид на социјална работа.

Член 7

На лицата со психофизички недостатоци упатени на оспособување за работа надвор од местото на живеење, сместени во организација на здружениот труд им се обезбедува:

— згрижување, сместување, исхрана, нега, облека (чевли и алишта), потребен прибор за одржување на лична хигиена, одмор и рекреација и задоволување на културно-забавните потреби;

— превентива;

— дефектолошка дијагностика;

— рехабилитационен-воспитен — образовен — корекционен третман;

— здравствена заштита;

— професионално, односно работно оспособување и вработување; и

— други услуги во вид на социјална работа.

Член 8

На лицата со психофизички недостатоци, неспособни за рехабилитација, сместени во организација на здружениот труд, им се обезбедува:

— згрижување, сместување, исхрана, нега, облека (чевли и алишта), потребен прибор за одржување на лична хигиена, одмор и рекреација и задоволување на културно-забавните потреби;

— третман и соодветни форми на активности кои имаат за цел позитивно да влијаат на нивната психофизичка состојба;

— здравствена заштита.

За лицата кои не се сместени целодневно во организацијата на здружениот труд, им се обезбедува дневен престој и соодветни активности за подобрување на нивната психофизичка состојба;

— други услуги во вид на социјална работа.

Член 9

Правата, обврските, должностите и одговорностите кои произлегуваат од оваа спогодба ги обврзуваат сите учесници во спогодувањето.

Општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита се обврзуваат да ги усогласат своите самоуправни општи акти со одредбите на оваа спогодба, како и да донесат други неопходни акти за спроведување на оваа спогодба во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на спогодбата.

Самоуправните и другите општи акти од став 2 на овој член од спогодбата не можат да бидат во спротивност со одредбите на оваа спогодба.

Член 10

Начинот на спроведувањето и примената на оваа спогодба, учесниците во спогодувањето се согласија да ги следи комисија составена од 7 членови.

Изборот на членовите на комисијата од став 1 на овој член го вршат учесниците во спогодувањето и тоа:

1. Собранијата на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита групирани во следните шест групи делегираат шест заеднички делегати и тоа:

— Скопје, Тетово и Гостивар (1);

— Битола, Прилеп, Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод и Ресен (1);

— Охрид, Струга, Дебар и Кичево (1);

— Титов Велес, Свети Николе, Неготино, Кавадарци, Гевгелија и Валандово (1);

— Штип, Радовиш, Струмица, Берово, Делчево, Кочани и Виница (1);

— Куманово, Крива Паланка, Кратово и Пробиштип (1) делегат; и

2. Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита делегира еден делегат.

Членовите на комисијата од своите редови избираат претседател на комисијата.

Член 11

Учесниците во спогодувањето се согласија Комисијата за спроведување и следење на примената на оваа спогодба да ги обавува следните задачи:

— се грижи за доследно и правилно спроведување на спогодбата, и за тоа ги информира учесниците во спогодувањето и им предлага соодветни мерки;

— изготвува анализи, информации, осврти и слично за примената на оваа спогодба;

— изготвува предлози и упатства за спроведувањето на спогодбата;

— врши и други работи од интерес за примената на оваа спогодба.

Член 12

Учесниците во спогодувањето се согласија материјалните трошоци за работа на комисијата од [illegible] 11 [illegible] средствата на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Стручно-административните и техничките работи на комисијата ќе ги врши Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Член 13

Предлог за изменување и дополнување на оваа спогодба може да поднесе секој од учесниците во спогодувањето.

Изменување и дополнување на оваа спогодба се врши на начин и постапка како и за нејзиното склучување.

Член 14

Оваа спогодба е потпишана на 24 октомври 1978 година со кој ден влегува во сила, а ќе се применува наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Член 15

Составен дел на оваа спогодба се одлуките за прифаќање на спогодбата од учесниците во спогодувањето.

Потписници: Републичката самоуправна интересна [illegible], [illegible] самоуправни интересни заедници за социјална заштита од: Берово, Битола, Брод Македонски, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крушево, Крива Паланка, Кратово, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Струмица, Струга, Свети Николе, Тетово, Титов Велес и Штип и основните заедници за социјална заштита за општините на град Скопје: Центар, Кисела Вода, Чаир, Карпош и Гази Баба.

Број 08-611/1
24 октомври 1978 година
Скопје

---

**85.**

Врз основа на член 27 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78), општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита и Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, како учесници во спогодувањето, склучуваат

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА

### ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ШТО ПАЃААТ НА ТОВАР НА ЛИЦАТА СМЕСТЕНИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Член 1

Со оваа спогодба се определува висината на трошоците, односно на делот од трошоците што паѓаат на товар на лицата сместени во организација на здружениот труд, односно на товар на нивните роднини кои според закон се должни за нивното издржување.

Член 2

Висината на трошоците, односно на делот од трошоците што паѓаат на товар на лицата кои се сместуваат во организација на здружениот труд, односно на товар на нивните роднини кои според закон се должни за нивно издржување, се определува во зависност од висината на остварениот личен доход односно остварениот доход по друг основ месечно по член на семејството.

Член 3

Лицата тешко и најтешко ментално ретардирани и лицата тешко телесно инвалидни сместени во организација на здружениот труд, односно нивните роднини кои според закон се должни за нивно издржување, ги сносат трошоците, односно дел од трошоците за сместувањето и тоа со остварен месечен доход по член на семејството:

| | | | |
|---|---|---|---|
| — од 50—70% | од просечно остварениот личен доход во стопанството во претходната година во Републиката | сносат од 5—10% | од цената на сместувањето |
| — од 70—100% | ,, | 10—20% | ,, |
| — над 100% | ,, | 20—30% | ,, |

Член 4

Малолетните лица без родителска грижа до 3 и над 3 годишна возраст, малолетните лица со воспитно социјални проблеми, малолетните лица воспитно запуштени, старите лица без семејна грижа, лицата со психофизички недостатоци упатени на оспособување надвор од местото на живеење сместени во организација на здружениот труд, односно нивните роднини кои според закон се должни за нивно издржување ги сносат трошоците, односно дел од трошоците за сместување и тоа со остварен месечен доход по член на семејството:

| | | | |
|---|---|---|---|
| — од 30—50% | од просечно остварениот личен доход во стопанството во претходната година во Републиката | сносат од 10—20% | од цената на сместувањето |
| — од 50—70% | ,, | 20—50% | ,, |
| — од 70—100% | ,, | 50—70% | ,, |
| — над 100% | ,, | 70—100% | ,, |

Член 5

Ако лицата од член 3 и 4 од оваа спогодба, односно нивните роднини кои според закон се должни за нивното издржување остваруваат месечен доход по член на семејството до 50%, односно 30% од просечниот личен доход остварен во стопанството во претходната година во Републиката, трошоците за нивното сместување во организација на здружениот труд паѓаат во целост на товар на ОСИЗ за социјална заштита.

Преостанатиот дел од целиот износ на цената на сместувањето во организација на здружениот труд од делот што го сносат лицата кои се сместуваат, односно нивните роднини кои според закон се должни за нивното издржување го надоместува општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Член 6

Лицата кои се сместуваат во организација на здружениот труд за социјална заштита и имаат сопствени средства или имот, а не се корисници на социјална заштита, сами ги сносат целокупните трошоци околу сместувањето и тоа првенствено од сопствените средства, односно имотот или нивните роднини кои според закон се должни за нивното издржување, односно органот кој ги упатил на сместување во организација на здружениот труд.

Член 7

Како месечен доход во смисла на оваа спогодба се смета:

1. Просечниот чист личен доход од работен однос остварен во последните 6 месеци;

2. Личниот доход од земјоделска дејност — се смета катастарскиот приход од претходната година поделен на дванаесет;

3. Старосната, инвалидската или семејната пензија од претходниот месец; и

4. Личниот доход од вршење на самостојна дејност, доходот од имотните права кои служат како основа за одредување на придонесот или данокот, како и доходот остварен по друг основ во текот на претходната година поделен на дванаесет.

Како редовен приход во смисла на овој член не се сметаат инвалиднините и стипендиите на учениците и студентите.

Член 8

Правата, обврските, должностите и одговорностите кои произлегуваат од оваа спогодба ги обврзуваат сите учесници во спогодувањето.

Општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита се обврзуваат да ги усогласат своите самоуправни општи акти со одредбите на оваа спогодба, како и да донесат други неопходни акти за спроведување на оваа спогодба во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на спогодбата.

Самоуправните и другите општи акти од став 2 на овој член од спогодбата не можат да бидат во спротивност со одредбите на оваа спогодба.

Член 9

Начинот на спроведувањето и примената на оваа спогодба, учесниците во спогодувањето се согласија да ги следи комисија составена од 7 членови.

Изборот на членовите на комисијата од став 1 на овој член го вршат учесниците во спогодувањето и тоа:

1. Собранијата на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита групирани во следните шест групи делегираат шест заеднички делегати и тоа:

— Скопје, Тетово и Гостивар (1);

— Битола, Прилеп, Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод и Ресен (1);

— Охрид, Струга, Дебар и Кичево (1);

— Титов Велес, Свети Николе, Неготино, Кавадарци, Гевгелија и Валандово (1);

— Штип, Радовиш, Струмица, Берово, Делчево, Кочани и Виница (1); и

— Куманово, Крива Паланка, Кратово и Пробиштип (1) делегат; и

2. Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита делегира еден делегат.

Членовите на комисијата од своите редови избираат претседател на комисијата.

Член 10

Учесниците во спогодувањето се согласија Комисијата за спроведување и следење на примената на оваа спогодба ги обавува следните задачи:

— се грижи за доследно и правилно спроведување на спогодбата и за тоа ги информира учесниците во спогодувањето и им предлага соодветни мерки;

— изготвува анализи, информации, осврти и слично за примената на оваа спогодба;

— изготвува предлози и упатства за спроведувањето на спогодбата; и

— врши и други работи од интерес за примената на оваа спогодба.

Член 11

Учесниците во спогодувањето се согласија материјалните трошоци за работа на комисијата од член 10 на оваа спогодба да паѓаат на товар на средствата на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Стручно-административните и техничките работи на комисијата ќе ги врши Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Член 12

Предлог за изменување и дополнување на оваа спогодба може да поднесе секој учесник во спогодувањето.

Изменување и дополнување на оваа спогодба се врши на начин и постапка како за нејзиното склучување.

Член 13

Кон оваа спогодба во согласност со законот можат дополнително да пристапат и други нови учесници кои не учествувале при нејзиното склучување.

Член 14

Оваа спогодба е потпишана на 24 октомври 1978 година, со кој ден влегува во сила, а ќе се применува наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Член 15

Составен дел на оваа спогодба се одлуките за прифаќање на спогодбата од учесниците во спогодувањето.

Потписници: Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита од: Берово, Битола, Брод Македонски, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крушево, Крива Паланка, Кратово, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Струмица, Струга, Свети Николе, Тетово, Титов Велес и Штип и основните заедници за социјална заштита за општините на град Скопје: Центар, Кисела Вода, Чаир, Карпош и Гази Баба.

Број 08-608/1
24 октомври 1978 година
Скопје

---

**86.**

Врз основа на член 19, став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ", бр. 9/78), општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита и Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, како учесници во спогодувањето, склучуваат

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА
### ЗА ВИСИНАТА НА ПОСТОЈАНАТА ПАРИЧНА ПОМОШ НА КОРИСНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО 1978 ГОДИНА

Член 1

Со оваа спогодба се утврдува висината на постојаната парична помош, односно висината на минималните износи на основната парична помош на носителот на правото, додатокот за соуживателот на помошта и на посебниот додаток за помош и нега од друго лице за 1978 година.

Член 2

Висината на минималните износи на одделните видови на постојаната парична помош за 1978 година се утврдува и тоа:

1. Основната парична помош на носителот на правото да изнесува најмалку 15,8% од просечно остварениот личен доход во Републиката во претходната година (550,00 динари);

2. Додатокот за секој натамошен соуживател на помошта да изнесува најмалку 18,2% од износот на основната парична помош утврден во точка 1 од став 1 на овој член, (100,00 динари);

3. Посебниот додаток за помош и нега од друго лице да изнесува најмалку 27,3% од износот на основната парична помош, утврден во точка 1 од став 1 на овој член (150,00 динари).

Збирот на основната парична помош, додатокот за соуживателот на помошта и посебниот додаток за помош и нега од друго лице не може да биде поголем од 50% од просечниот личен доход остварен во претходната година во Републиката.

Член 3

Општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита можат висината на постојаната парична помош на корисниците на социјална заштита да ја утврдат и во поголеми износи од утврдените минимални износи на постојаната парична помош во член 2 на оваа спогодба, доколку се во состојба тоа зголемување да го обезбедат со сопствени средства.

Член 4

Правата, обврските, должностите и одговорностите кои произлегуваат од оваа спогодба ги обврзуваат сите учесници во спогодувањето.

Општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита се обврзуваат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа спогодба да донесат одлука за утврдување висината на постојаната парична помош во согласност со своите материјални можности и одредбите на оваа спогодба како и да донесат други неопходни акти за спроведување на оваа спогодба во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на спогодбата.

Самоуправните и другите општи акти од став 2 на овој член од спогодбата не можат да бидат во спротивност со одредбите на оваа спогодба.

Член 5

Начинот на спроведувањето и примената на оваа спогодба, учесниците во спогодувањето се согласија да ги следи комисија составена од 7 членови.

Изборот на членовите на комисијата од став 1 на овој член го вршат учесниците во спогодувањето и тоа:

1. Собранијата на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита групирани во следните шест групи делегираат шест заеднички делегати и тоа:

— Скопје, Тетово и Гостивар (1);

— Битола, Прилеп, Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод и Ресен (1);

— Охрид, Струга, Дебар и Кичево (1);

— Титов Велес, Свети Николе, Неготино, Кавадарци, Гевгелија и Валандово (1);

— Штип, Радовиш, Струмица, Берово, Делчево, Кочани и Виница (1); и

— Куманово, Крива Паланка, Кратово и Пробиштип (1) делегат; и

2. Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита еден делегат.

Членовите на комисијата од своите редови избираат претседател на комисијата.

Член 6

Учесниците во спогодувањето се согласија комисијата за спроведување и следење на примената на оваа спогодба да ги обавува следните задачи:

— се грижи за доследно и правилно спроведување на спогодбата и за тоа ги информира учесниците во спогодувањето и им предлага соодветни мерки;

— изготвува анализи, информации, осврти и слично за примената на оваа спогодба;

— изготвува предлози и упатства за спроведувањето на спогодбата;

— врши и други работи од интерес за примената на оваа спогодба.

Член 7

Учесниците во спогодувањето се согласија материјалните трошоци за работа на комисијата од член 6 на оваа спогодба да паѓаат на товар на средствата на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Стручно-административните и техничките работи на комисијата ќе ги врши Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Член 8

Предлог за изменување и дополнување на оваа спогодба може да поднесе секој учесник во спогодувањето.

Изменување и дополнување на оваа спогодба се врши на начин и постапка како и за нејзиното склучување.

Член 9

Кон оваа спогодба во согласност со законот можат дополнително да пристапат и други нови учесници кои не учествувале при нејзиното склучување.

Член 10

Оваа спогодба е потпишана на 24 октомври 1978 година, со кој ден влегува во сила, а ќе се применува наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", освен одредбата на член 2 од оваа спогодба која ќе се применува од 11 март 1978 година.

Член 11

Составен дел на оваа спогодба се одлуките за прифаќање на спогодбата од учесниците во спогодувањето.

Потписници: Републичка самоуправна интересна заедница за социјална заштита, општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита од: Берово, Битола, Брод Македонски, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крушево, Крива Паланка, Кратово, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Струмица, Струга, Свети Николе, Тетово, Титов Велес и Штип и основните заедници за социјална заштита за општините на град Скопје: Центар, Кисела Вода, Чаир, Карпош и Гази Баба.

Број 08-609/1
24 октомври 1978 година
Скопје

**87.**

Врз основа на член 27 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78), општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита и Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, како учесници во спогодувањето, склучуваат

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА
### ЗА СМЕСТУВАЊЕ ЛИЦА ВО ДРУГО СЕМЕЈСТВО

Член 1

Со оваа спогодба се определува видот и обемот на социјалната заштита што се обезбедува на лицата наведени во член 24 од Законот за социјална заштита, сместени во друго семејство како и начинот и условите за сместување лица во друго семејство.

Член 2

Лицата се сместуваат во друго семејство врз основа на решение од центарот за социјална работа, а по претходна согласност од лицето кое што се сместува.

Согласност за сместување на малолетни лица, односно за лица со одземена деловна способност во друго семејство дава родителот, односно старателот на тие лица.

Член 3

При сместувањето на лице во друго семејство, центарот за социјална работа води грижа особено:

— лицето да биде сместено првенствено во местото на живеење, а по можност кај блиски роднини или пријатели;

— при сместувањето на малолетните лица ќе се води особено грижа за можностите за понатамошно школување, односно за оспособување за самостоен живот и работа.

Член 4

При изборот на семејството во кое се сместуваат лицата се води грижа особено за:

— подобностите во семејството за правилен психофизички развој на лицето кое се сместува од здравствена, морална, воспитна и возрасна состојба и друго;

— односите во семејството да не се пореметени;

— интересите на семејството во кое се сместува лицето и интересите на лицето кое се сместува да не се во спротивност.

При изборот на семејството за сместувањето на малолетни лица, покрај условите од став 1 од овој член, ќе се води грижа и за:

— на некој од членовите на семејството во кое што треба да се смести малолетното лице да не му е одземено родителското право;

— староста на членовите на семејството во кое што треба да се смести малолетното лице поради неговото правилно подигање и воспитување;

— разликата во годините помеѓу брачните другари и малолетното лице кое се сместува, односно разликата во годините помеѓу лицето кај кое се сместува и малолетното лице да не биде помала од 18 години, со исклучок на блиските роднини.

Член 5

На семејството, односно на лицето кај кое се сместуваат лица им следува надомест кој ги опфаќа трошоците за сместувањето и наградата.

Учесниците во спогодувањето се согласија надоместокот од став 1 на овој член во 1978 година да се зголеми за 20% на фактичкиот надоместок што го добиваат семејствата во кои се сместени корисници на социјалната заштита, чија висина ја утврдува општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита со посебна одлука во согласност со одредбите на оваа спогодба.

Член 6

За сместувањето на лицето во друго семејство се сочинува договор помеѓу општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита, или од истата овластен орган и еден од брачните другари, односно лицето кај кое се сместува со кој се регулира особено следното:

— видот и обемот на социјалната заштита од член 7 на оваа спогодба;

— висината на надоместокот за сместеното лице, кој ги опфаќа трошоците на сместувањето и наградата;

— времетраењето на договорот, кој по правило се склучува на неодредено време;

— услови за раскин на договорот;

— отказниот рок за раскинување на договорот кој за семејството во кое се сместува лицето не може да биде пократок од 3 месеци;

— случаите при кои што престанува да важи договорот;

— други права и обврски.

Член 7

Сместувањето во друго семејство престанува со:

— осамосталување на малолетното лице;

— посвојување на малолетното лице;

— со смртта на сместеното лице;

— со смртта на членот на семејството кој го склучил договорот од член 5 на оваа спогодба, доколку друг деловно способен член од семејството не ги преземе правата и обврските од тој договор согласно одредбите на оваа спогодба;

— престанок на потребата од сместување; и

— раскин на договорот за сместување.

Член 8

На лицето кое се сместува во друго семејство му се обезбедува сместување, згрижување, нега, исхрана, воспитување, алишта, чевли и прибор за одржување лична хигиена и задоволување на културно-забавните потреби и рекреација.

Член 9

Семејството во кое е сместено лицето должно е да го известува центарот за социјална работа за состојбата на сместеното лице, како и за евентуалните промени во поведението, здравствената или друга состојба на лицето.

Член 10

Центарот за социјална работа го следи исполнувањето на договорот од член 5 на оваа спогодба и презема соодветни мерки, укажува соодветна помош на семејството и предлага на заинтересираните адекватни мерки.

Член 11

Лицата корисници на социјалната заштита сместени во друго семејство, односно нивните роднини кои според закон се должни за нивно издржување, ги сносат трошоците, односно делот од трошоците за сместување и наградата според своите материјални можности и тоа со остварен месечен доход по член на семејството:

| | | | |
|---|---|---|---|
| — од 30—50% | од просечно остварениот личен доход во стопанството во претходната година во Републиката | сносат од 10—25% | од цената на сместувањето |
| — од 50—70% | „ | 25— 50% | „ |
| — од 70—100% | „ | 50— 70% | „ |
| — над 100% | „ | 70—100% | „ |

Член 12

Под месечен доход во смисла на оваа спогодба се смета:

1. Просечниот чист личен доход од работен однос остварен во последните шест месеци;

2. Личниот доход од земјоделска дејност — се смета катастарскиот приход од претходната година;

3. Старосната, инвалидската или семејната пензија од претходниот месец; и

4. Личниот доход од вршење на самостојна дејност, доходот од имотните права кои служат како основа за одредување на придонесот или данокот како и доходот остварен по друг основ во текот на претходната година поделен на дванаесет.

Како редовен приход во смисла на овој член не се сметаат инвалидниниte и стипендиите на учениците и студентите.

Член 13

Правата, обврските, должностите и одговорностите кои произлегуваат од оваа спогодба ги обврзуваат сите учесници во спогодувањето.

Општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита се обврзуваат да ги усогласат своите самоуправни општи акти со одредбите на оваа спогодба, како и да донесат други неопходни акти за спроведување на оваа спогодба во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на спогодбата.

Самоуправните и другите општи акти од став 2 на овој член од спогодбата не можат да бидат во спротивност со одредбите на оваа спогодба.

Член 14

Начинот на спроведувањето и примената на оваа спогодба, учесниците во спогодувањето се согласија да ги следи комисија составена од 7 членови.

Изборот на членовите на комисијата од став 1 на овој член го вршат учесниците во спогодувањето и тоа:

1. Собранијата на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита групирани во следните шест групи делегираат шест заеднички делегати и тоа:

— Скопје, Тетово и Гостивар (1);

— Битола, Прилеп, Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод и Ресен (1);

— Охрид, Струга, Дебар и Кичево (1);

— Титов Велес, Свети Николе, Неготино, Кавадарци, Гевгелија и Валандово (1);

— Штип, Радовиш, Струмица, Берово, Делчево, Кочани и Виница (1);

— Куманово, Крива Паланка, Кратово и Пробиштип (1) делегат.

2. Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита делегира еден делегат.

Членовите на комисијата од своите редови избираат претседател на комисијата.

Член 15

Учесниците во спогодувањето се согласија Комисијата за спроведување и следење на примената на оваа спогодба да ги обавува следните задачи:

— се грижи за доследно и правилно спроведување на спогодбата и за тоа ги информира учесниците во спогодувањето и им предлага соодветни мерки;

— изготвува анализи, информации, осврти и слично за примената на оваа спогодба;

— изготвува предлози и упатства за спроведувањето на спогодбата; и

— врши и други работи од интерес за примената на оваа спогодба.

Член 16

Учесниците во спогодувањето се согласија материјалните трошоци за работа на комисијата од член 15 на оваа спогодба да паѓаат на товар на средствата на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Стручно-административните и техничките работи на комисијата ќе ги врши Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Член 17

Предлог за изменување и дополнување на оваа спогодба може да поднесе секој од учесниците во спогодувањето.

Изменување и дополнување на оваа спогодба се врши на начин и постапка како и за нејзиното склучување.

Кон оваа спогодба во согласност со Законот можат дополнително да пристапат и други нови учесници кои не учествувале при нејзиното склучување.

Член 18

Оваа спогодба е потпишана на 24 октомври 1978 година, со кој ден влегува во сила, а ќе се применува наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", освен одредбата на член 5 од оваа спогодба која ќе се применува од 11 март 1978 година.

Член 19

Составен дел на оваа спогодба се одлуките за прифаќање на спогодбата од учесниците во спогодувањето.

Потписници: Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита од: Берово, Битола, Брод Македонски, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крушево, Крива Паланка, Кратово, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Струмица, Струга, Свети Николе, Тетово, Титов Велес и Штип и основните заедници за социјална заштита за општините на град Скопје: Центар, Кисела Вода, Чаир, Карпош и Гази Баба.

Број 08-610/1
24 октомври 1978 година
Скопје

---

**88.**

Врз основа на член 16, став 2 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78), општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита и Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, како учесници во спогодувањето, склучуваат

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА
### ЗА ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа спогодба поблиску се определуваат корисниците на социјалната заштита во зависност од причините и положбата од социјална потреба.

Член 2

Како малолетно лице без родителска грижа во смисла на оваа спогодба се смета дете односно младинец чии родители се умрени, исчезнати, со непознато престојувалиште, на подолго лекување, на издржување казна затвор, лишени од деловна способност и со одземено родителско право.

Член 3

Како малолетно лице со воспитно-социјални проблеми се смета дете односно младинец кај кое поради нарушени семејни односи, неповолни социјални, здравствени, воспитни и материјални услови се доведува во опасност неговиот психофизички развој и вклучување во општествениот живот и работа.

Член 4

Како малолетно лице воспитно запуштено се смета дете односно младинец, кое со своето поведение ги нарушува општоприфатените општествени норми, врши престапи инкриминирани според прописите за прекршоци на јавниот ред и мир, како и дела инкриминирани според кривичното законодавство.

Член 5

Како лице со психофизички недостатоци се смета лице попречено во психофизичкиот развој кај кое поради органски и други пореметувања постои оштетување на видот, слухот, говорот и гласот, телесни оштетувања, ментална ретардираност или комбинирани недостатоци и со потполна или делумна неспособност за работа.

Член 6

Како старо лице без семејна грижа се смета лице постаро од 60 години (жена), односно 65 години (маж) кое е самохрано или на кое неговите роднини кои според закон се должни за неговото издржување не му ја пружаат потребната грижа.

Член 7

Како лице со општествено-негативни навики и поведение се смета лице кое се оддава на просење, скитништво, алкохолизам, наркоманија, проституција и други негативни навики и поведенија.

Член 8

Како самохрана мајка се смета материјално необезбедена жена за време на бременост и породување во траење од 180 дена, односно најдоцна до 3 годишна возраст на детето која се нашла во положба од социјална потреба.

Член 9

Како лице кое поради посебни околности се нашло во положба од социјална потреба се смета лице кое поради елементарни непогоди, репатријација, подолго лекување во стационарна организација на здружениот труд и слично, останало без неопходни средства за живот.

Член 10

Како лице на кое му е потребна услуга во вид на социјална работа се смета лице на кое му е потребна стручна социјална помош за совладување на тешкотиите во задоволување на своите животни потреби и за користење на своите права и општествени вредности.

Член 11

Како лице неспособно за работа материјално необезбедено во смисла на оваа спогодба се смета лице кое според годините на староста, здравствената положба или според преостанатата работна способност не може да се вработи односно да се оспособи за работа, а е без неопходни средства за живот и нема блиски сродници кои се во можност и се обврзани според закон за неговото издржување, односно нема право на материјално обезбедување по друг основ.

Како лице неспособно за работа во смисла на став 1 на овој член се сметаат и лицата наведени во член 2, 3, 4, 5, 6 и 8 од оваа спогодба.

Член 12

Како лице без неопходни средства за живот во смисла на член 11 од оваа спогодба, се смета лице чиј месечен доход не го надминува износот што го утврдува со посебна одлука општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

При утврдувањето на износот од став 1 на овој член се земаат предвид следните извори на приходи:

1. Просечниот чист личен доход од работен однос остварен во последните 6 месеци;

2. Личниот доход од земјоделска дејност — се смета катастарскиот приход од претходната година;

3. Старосната, инвалидската или семејната пензија од претходниот месец; и

4. Личниот доход од вршење на самостојна дејност, доходот од имотните права кои служат како основа за одредување на придонесот или данокот како и доходот остварен по друг основ во текот на претходната година поделен на дванаесет.

Како редовен приход во смисла на овој член не се сметаат: инвалиднините и стипендиите на учениците и студентите.

Член 13

Под малолетно лице во смисла на одредбите на оваа спогодба се смета дете до навршени 15 години, односно младинец до 19 години ако се наоѓа на редовно школување.

Член 14

Под домаќинство на корисникот во смисла на оваа спогодба (семејство) се смета заедница на живеење, стопанисување и заедничко трошење на остварените доходи.

Како членови на заедницата на живеење од став 1 на оваа спогодба се сметаат:

— корисникот и неговиот брачен другар;

— децата (родени во брак или вон брак или посвоени, посиноци што ги издржува корисникот и внучиња без родители што ги издржува корисникот);

— родителите (татко, мајка, очув, маштеа и посвоител);

— дедо, баба;

— свекор, свекрва, девер и золва.

Член 15

Лицата се стекнуваат со права од социјална заштита утврдени со законот, доколку ги исполнуваат соодветните услови определени со оваа спогодба.

Член 16

Правата, обврските, должностите и одговорностите кои произлегуваат од оваа спогодба, ги обврзуваат сите учесници во спогодувањето.

Општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита се обврзуваат да ги усогласат своите самоуправни општи акти со одредбите на оваа спогодба, како и да донесат други неопходни акти за спроведување на оваа спогодба во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на спогодбата.

Самоуправните и другите општи акти од став 2 на овој член од спогодбата не можат да бидат во спротивност со одредбите на оваа спогодба.

Член 17

Начинот на спроведување и примената на оваа спогодба учесниците во спогодувањето се согласија да ги следи комисија составена од 7 членови.

Изборот на членовите на комисијата од став 1 на овој член го вршат учесниците во спогодувањето и тоа:

1. Собранијата на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита групирани во следните шест групи делегираат шест заеднички делегати и тоа:

— Скопје, Тетово и Гостивар (1);

— Битола, Прилеп, Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод и Ресен (1);

— Охрид, Струга, Дебар и Кичево (1);

— Титов Велес, Свети Николе, Неготино, Кавадарци, Гевгелија и Валандово (1);

— Штип, Радовиш, Струмица, Берово, Делчево, Кочани и Виница (1);

— Куманово, Крива Паланка, Кратово и Пробиштип (1) делегат.

2. Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита делегира еден делегат.

Членовите на комисијата од своите редови избираат претседател на комисијата.

Член 18

Учесниците во спогодувањето се согласија Комисијата за спроведување и следење на примената на оваа спогодба да ги обавува следните задачи:

— се грижи за доследно и правилно спроведување на спогодбата и за тоа ги информира учесниците во спогодувањето и им предлага соодветни мерки;

— изготвува анализи, информации, осврти и слично за примената на оваа спогодба;

— изготвува предлози и упатства за спроведувањето на спогодбата; и

— врши и други работи од интерес за примената на оваа спогодба.

Член 19

Учесницитие во спогодувањето се согласија материјалните трошоци за работа на комисијата од член 18 на оваа спогодба да паѓаат на товар на средствата на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Стручно-административните и техничките работи на комисијата ќе ги врши Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Член 20

Предлог за изменување и дополнување на оваа спогодба може да поднесе секој од учесниците во спогодувањето.

Изменување и дополнување на оваа спогодба се врши на начин и постапка како и за нејзиното склучување.

Член 21

Кон оваа спогодба во согласност со законот можат дополнително да пристапат и други нови учесници кои не учествувале при нејзиното склучување.

Член 22

Оваа спогодба е потпишана на 24 октомври 1978 година со кој ден влегува во сила, а ќе се применува наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Член 23

Составен дел на оваа спогодба се одлуките за прифаќање на спогодбата од учесниците во спогодувањето.

Потписници: Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита од: Берово, Битола, Брод Македонски, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крушево, Крива Паланка, Кратово, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Струмица, Струга, Свети Николе, Тетово, Титов Велес и Штип и основните заедници за социјална заштита за општините на град Скопје: Центар, Кисела Вода, Чаир, Карпош и Гази Баба.

Број 08-607/1
24 октомври 1978 година
Скопје

---

**89.**

Врз основа на член 29 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ", бр. 9/78), општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита и Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, како учесници во спогодувањето, склучуваат

## САМОУПРАВНА СПОГОДБА
### ЗА ЗАЕДНИЧКИТЕ ОСНОВИ И МЕРИЛА ЗА ОБЕМОТ НА ДРУГИТЕ ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа спогодба се утврдуваат заеднички основи и мерила за определување на обемот на другите права од социјалната заштита.

Член 2

При утврдувањето на здравствената заштита на корисниците на основните права од социјалната заштита, учесниците во спогодувањето се согласија да се има предвид обемот утврден од општинската самоуправна интересна заедница за здравството и на здравственото осигурување на работниците за подрачјето на заедницата.

На корисникот на основните права од социјалната заштита кој остварува здравствена заштита по друг основ во обем помал од утврдениот со оваа спогодба му се обезбедува разликата до обемот на здравствената заштита утврден на начин наведен во став 1 на овој член.

Член 3

Еднократна парична помош или помош во натура се доделува на лица или семејства, кои се нашле во положба од социјална потреба, заради претрпена елементарна непогода, епидемија, подолго лекување во здравствена работна организација и друго и тоа:

— за задоволување на потребите на семејството од огрев, зимница, облека, оздравување и закрепнување и слично во висина од најмалку 500 динари;

— во случај на новородено дете, во случај на смрт на член од семејството на материјално необезбедено лице, во висина од најмалку 300 динари;

— во случај на елементарна непогода, на корисниците на социјална заштита се доделува помош во висина од најмалку 1000 динари по семејство;

— во други случаи еднократна парична помош се обезбедува во износ кој ќе ги задоволи најнужните потреби на лицето во положба од социјална потреба (патни трошоци до местото на живеење, трошоци за исхрана и др.);

— помошта во натура се доделува според потребите, а зависно од можностите и тоа за задоволување на потребите од храна, облека и чевли, постелнина и друго.

Член 4

Домашна нега и помош во зависност од можностите и условите се обезбедува на стари, изнемоштени, хронично болни и други лица кои не се во состојба сами да се грижат за себе, а им е потребна нега и обавување на домашни работи (одржување хигиена, исхрана, набавка и друго).

Член 5

Помош во дневно згрижување, во зависност од можностите и условите, се обезбедува на стари и изнемоштени возрасни лица преку давање услуги во врска со исхрана, дневен престој, културно-забавен живот, одржување хигиена и друго.

Член 6

Услуги во вид на социјална работа се обезбедуваат на лица, семејства и групи со давање помош во врска со вработување, школување, организирање општествена исхрана, средување на семејните односи, давање совети, помош во остварување права со кои лицата ги задоволуваат своите потреби, како и други облици на социјална работа.

Член 7

Правата, обврските, должностите и одговорностите кои произлегуваат од оваа спогодба ги обврзуваат сите учесници во спогодувањето.

Општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита се обврзуваат да ги усогласат своите самоуправни општи акти со одредбите на оваа спогодба, како и да донесат други неопходни акти за спроведување на оваа спогодба во рок од 30 дена од денот на влегување во сила на спогодбата.

Самоуправните и другите општи акти од став 2 на овој член од спогодбата не можат да бидат во спротивност со одредбите на оваа спогодба.

Член 8

Начинот на спроведувањето и примената на оваа спогодба, учесниците во спогодувањето се согласија да ги следи комисија составена од 7 членови.

Изборот на членовите на комисијата од став 1 на овој член го вршат учесниците во спогодувањето и тоа:

1. Собранијата на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита групирани во следните шест групи делегираат шест заеднички делегати и тоа:

— Скопје, Тетово и Гостивар (1);

— Битола, Прилеп, Демир Хисар, Крушево, Македонски Брод и Ресен (1);

— Охрид, Струга, Дебар и Кичево (1);

— Титов Велес, Свети Николе, Неготино, Кавадарци, Гевгелија и Валандово (1);

— Штип, Радовиш, Струмица, Берово, Делчево, Кочани, и Виница (1);

— Куманово, Крива Паланка, Кратово и Пробиштип (1) делегат; и

2. Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита делегира еден делегат.

Членовите на Комисијата од своите редови избираат претседател на комисијата.

Член 9

Учесниците во спогодувањето се согласија Комисијата за спроведување и следење на примената на оваа спогодба да ги обавува следните задачи:

— се грижи за доследно и правилно спроведување на спогодбата и за тоа ги информира учесниците во спогодувањето и им предлага соодветни мерки;

— изготвува анализи, информации, осврти и слично за примената на оваа спогодба;

— изготвува предлози и упатства за спроведувањето на спогодбата;

— врши и други работи од интерес за примената на оваа спогодба.

Член 10

Учесниците во спогодувањето се согласија материјалните трошоци за работа на Комисијата од член 9 на оваа спогодба да паѓаат на товар на средствата на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Стручно-административните и техничките работи на комисијата ќе ги врши Стручната служба на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

Член 11

Предлог за изменување и дополнување на оваа спогодба може да поднесе секој од учесниците во спогодувањето.

Изменување и дополнување на оваа спогодба се врши на начин и постапка како и за нејзиното склучување.

Член 12

Кон оваа спогодба во согласност со законот можат дополнително да пристапат и други нови учесници кои не учествувале при нејзиното склучување.

Член 13

Оваа спогодба е потпишана на 24 октомври 1978 година, со кој ден влегува во сила и ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 ноември 1978 година.

Член 14

Составен дел на оваа спогодба се одлуките за прифаќање на спогодбата од учесниците во спогодувањето.

Потписници: Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита од: Берово, Битола, Брод Македонски, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар. Кавадарци, Кичево, Кочани, Крушево, Крива Паланка, Кратово, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Струмица, Струга, Свети Николе, Тетово, Титов Велес, и Штип и основните заедници за социјална заштита за општините на град Скопје; Центар, Кисела Вода, Чаир, Карпош и Гази Баба.

Број 08-612/1
24 октомври 1978 година
Скопје

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРИВА ПАЛАНКА

**90.**

Врз основа на член 52 став 2 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствена заштита на населението („Службен весник на СРМ", бр. 21/71), член 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ", бр. 5/74), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Крива Паланка на седницата на Собранието на делегатите на работниците — корисници на услугите и давателите на услугите, одржана на 27 декември 1978 година, донесе

## ОДЛУКА
